Републикa Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен инспекторат за животна средина - Скопје

[redacted]

ИП1 бр.29-191
15.04.2025г.
Скопје

**Република Северна Македонија**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен Инспекторат за животна средина-Скопје**

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012, врз основа на член 83 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на Р.Македонија бр.50/11...102/19), член 33 од од Закон за инспекциски надзор во животната средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр.99/22) и член 200 став (1) точка 14 став (2) од Законот за животна средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр. 53/2005 бр.89/22), по извршениот вонреден инспекциски надзор на 15.04.2025 год. во Рудник Добрево, Рудник Злетово - погон флотација во Пробиштип и хидројаловиште Скрдово во Злетово на ДПТ. Булмак 2016 ДООЕЛ Пробиштип, застапувано од управителот Тони Тоневски, во врска со исполнување на условите предвидени во А-ИЕД, а заради отстранување на недостатоците утврдени во записникот ИП1 бр.29-191 од 14.04.2025г. донесе:

## РЕШЕНИЕ

1) Се задолжува ДПТ. Булмак 2016 ДООЕЛ Пробиштип со деловно седиште на ул. Јаким Стојковски бр.2, 2210 Пробиштип, Р.С.Македонија, застапувано од управителот Тони Тоневски, за Рудник Добрево, Рудник Злетово- погон флотација во Пробиштип и хидројаловиште Скрдово во Злетово, да ги исполни условите предвидени во А-ИЕД со бр. УП1, 11-2240/3 од 09.07.2028 год. издадена од МЖСПП и тоа да :

- Да изготви **Годишен извештај за животна средина за инсталации со А-ИЕД,** кој се доставува до МЖСПП заклучно со 31.04.2025 год. и да го достави до Управата за животна средина во МЖСПП.

  Рок за отстранување на недостатоците е **15 (петнаесет) дена** од приемот на решението.

- Да започне да врши анализа на емисиите во вода од **Испустот од отпадни води од мешање на водите од колекторскиот систем и дренажниот систем со фреквенција на мониторинг неделно согласно Табела 6.3.2.** и да врши анализа на емисијата на водите **во канализација-санитарни води од ИММ**, со фреквенција на мониторинг квартално, согласно Табела 6.4.1 од А-ИЕД, а измерените вредности на параметрите да бидат во согласност со А-ИЕД.

  Рок за отстранување на недостатоците е 24 **(дваесет и четири) часа** од приемот на решението.

- Да ги исполни во целост **сите активности од Програмата за подобрување, согласно Глава 9. од А-ИЕД.**

  Рок за отстранување на недостатоците е **90 (девеесет) дена од** приемот на решението.

[redacted]

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен Инспекторат
за животна средина-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

2) Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 200 став 4 од Законот за животна средина.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина - Скопје, преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012 на ден 14.04.2025 год., изврши Вонреден инспекциски надзор во врска со исполнување на условите од А-ИЕД во Рудник Добрево, Рудник Злетово - погон флотација во Пробиштип и хидројаловиште Скрдово во Злетово на ДПТ. Булмак 2016 ДООЕЛ Пробиштип, при што констатира дека ДПТ. Булмак 2016 ДООЕЛ Пробиштип врши вадење на руди на обоени метали и производство на оловен и цинков концентрат за која дејност поседува А-Интегрирана еколошка дозвола бр. УП1 11-2240/3 издадена од МЖСПП на 09.07.2018 год.

Годишниот извештај за животна средина за 2024 год. за инсталации со А-ИЕД, што требало да го достави заклучно со 31.03.2025 год. се уште не е доставен до МЖСПП согласно Законот за животна. Од извршениот увид во мерењата од Лабараториските анализи на отпадна вода заверена под тех.бр.58/25 од 26.03.2025 година изработена од Еуромак Контрол констатирано е надминување на гранични вредности на следните параметри:РН 7,37 а дозволено макс.6,5,ВРК5 mg/lO² 11,8 а дозволена максимална гранична вредност е макс. 4 mg/O²,ХПК кмно4,mg/O² 29,6 а дозволена максимална гранична вредност 5 mg/O²,Манган/µg/l 204,3 а дозволена максимална гранична вредност 50 µg/l,Железо µg/l 447,8 а дозволена максимална гранична вредност 300 µg/l.

Од извршениот увид во мерењата од Лабараториските анализи на отпадна вода заверена под тех бр.38/25 од 26.02.2025 годинаизвршени од Еуромак Контрол констатирано е надминување на гранични вредности на следните параметри: суспендирани материи 40,4 mg/l а дозволена максимална гранична вредност 30 mg/l,ВРК5 mg/lO² 7,28 mg/lO² а дозволена максимална гранична вредност 4 mg/O², Кадмиум 1,65 mg/l а дозволена максимална гранична вредност 0,1 mg/lЦинк 420 µg/l а дозволена максимална гранична вредност 100 µg/l ,Манган/µg/l 3583 µg/l а дозволена максимална гранична вредност 50 µg/l,Железо µg/l 1398 µg/l а дозволена максимална гранична вредност 300 µg/l.

Од извршениот увид во мерењата од Лабараториските анализи на отпадна вода заверена под тех бр.03/86 од 29.01.2025 година извршени од Еуромак Контрол констатирано е надминување на гранични вредности на следните параметри параметри РН 7,60 а дозволена максимална гранична вредност 6,5,ВРК5 mg/lO² 5,9 mg/lO² а дозволена максимална гранична вредност 4 mg/O²,Олово 2860 µg/l а дозволена максимална гранична вредност 10 µg/l ,Никел 280 µg/l а дозволена максимална гранична вредност 50 µg/l, Манган/µg/l 4960 µg/l а дозволена максимална гранична вредност 50 µg/l,Железо µg/l 750 µg/l а дозволена максимална гранична вредност 300 µg/l.

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен Инспекторат за животна средина-Скопје**

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

Согласно Дозволата бр. 11-2240 од 09.07.2018 година точка 6.3.11 Правното лице доколку забележало надминување на граничните вредности на отпадната вода требало мерењата да ги прави како во првите шест месеци или поточно мерења требело да се извршуваат на неделно ниво.

Што се однесува по оваа точка правното лице не се предржувало и не вршело мерење на наеделно ниво туку вршеле мерења на месечно ниво.

Согласно Дозволата бр. 11-2240 од 09.07.2018 година Точка бр.6.4 констатирано е дека не се постапува во целост,или поточно не се вршат мерења на отпадна вода во канализација како што е пропишано во табела 6.4.1 и 6.4.2.

Согласно Дозволата бр. 11-2240 од 09.07.2018 година глава 9 Програма за подобрување констатирано е дека согласно точка 9.1 алинеа 1 отпочната е постапка за воспоставен систем за енергетска ефикасност со ISO 5001:2011 што требало да го направи до 31.12.2018 година.

Во врска со горенаведеното, Законот за животна средина, и исполнување на условите во А-ИЕД, се постапи како во диспозитивот на Решението.

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 208 став 8 од Законот за животна средина може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 29-191 од 15.04.2025г.

**Доставено до :**

- Архива
- ДПТ. Булмак 2016 ДООЕЛ Пробиштип

Ул.Јаким Стојковски бр.2.
2210 Пробиштип
Р.С.Македонија

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА